РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Бул „ВМРО" бр.3, 1000 Скопје
Тел: +389 23 103 400    Факс: +389 23 103 401

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 23.04.2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 2440/5 | 1 | |

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14 и 44/14) се доставува:

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. Административниот надзор се врши на работењето на:
   ☐ Издавач на печатен медиум ☑ Телевизија ☐ Радио

2. Административниот надзор се врши како: ☑ Редовен ☐ Контролен ☐ Вонреден

3. Надзорот се врши на исполнувањето на обврската од член 13 став 1 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр184/13 и 13/14) според кој радиодифузерите се должни до 31 март во тековната година на посебен образец пропишан од страна на надлежното регулаторно тело да му достават податоци за: сопственичката структура, односно податоци за називот и седиштето на правните лица или името и местото на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или на удел кај издавачот на медиумот, со податоци за процентот на акциите или уделот кој го стекнале и датумот на стекнување, податоци за одговорниот уредник/уредници, податоци за изворите на финансирање на радиодифузерот во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично), податоци за остварените вкупни приходи и расходи на радиодифузерот во претходната година од обезбедувањето на дејноста и податоци за просечната гледаност или слушаност на радиодифузерот во претходната година.

4. **Субјект на надзорот: Трговско радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДООЕЛ Тетово**

5. Констатации од извршениот административен надзор: радиодифузерот не ја исполни обврската од член 13 став 1 од Законот за медиуми, односно не ги достави податоците во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

5.1. Други упатени дописи:

На 18.03.2014 година, упатен е допис (наш.бр. 1587/1) со кој е побарано од радиодифузерот да ги достави потребните податоци. Во Агенцијата е доставена повратница од Македонска пошта дека дописот е уредно примен на 19.03.2014 година.

6. Претходно изречена мерка

☑ Нема

7. Предлог – мерка

7.1. Имајќи го предвид констатираното прекршување на членот 13 став 1 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија", бр.184/13 и 13/14), а согласно ставот 6 од истот член, според кој *"Надлежното регулаторно тело писмено ќе го опомене издавачот на медиумот кој нема да ги изврши обврските предвидени со овој член и ќе му даде дополнителен рок кој не може да биде пократок од 45 дена а во кој издавачот на медиумот ќе биде должен да ги изврши обврските од овој член. Доколку издавачот на медиум и во дополнителниот рок не ги изврши обврските предвидени со овој член, надлежното регулаторно тело ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување согласно со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги"*, се дава следната предлог мерка:

☑ да се преземе мерка – опомена

*Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги*